Трговско друштво за трговија и услуги
СПРИНТ СОЛУШНС ДООЕЛ
Бр 0307/4
14.01 2019 год.
Скопје
штембил

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
- Генерален секретаријат –
бр.4706-273/2 од 16-01-2019 година
Скопје

“Спринт Солушнс“ДООЕЛ Скопје

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ

# Д О Г О В О Р
## за набавка на стоки

Скопје, Јануари 2019 година

# Д О Г О В О Р

Склучен на 14.01.2019 година, меѓу:

1. **Влада на Република Македонија - Генерален секретаријат**, со седиште на бул.„Илинден" бр. 2, 1000 Скопје, претставувана и застапувана од **Драги Рашковски**, Генерален секретар, во понатамошниот текст: **Договорен орган**, и

2. **"Спринт Солушнс"ДООЕЛ Скопје,** со седиште на Ул.Благоја Паровиќ 70/1-3, 1000 Скопје, со ЕМБС 6756018 и даночен број 4082012508418 претставувано и застапувано од Лиридон Хоџа, Управител, во понатамошниот текст: **Носител на набавката**.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на договорот за јавна набавка е **набавка на стоки - тонери и тоа:**

- **Дел 2: Тонери тип 2,**
- **Дел 3: Тонери тип 3 и**
- **Дел 5: Тонери тип 5.**

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вкупната вредност на набавката на стоките предмет на Договорот, **изнесува 195.939** (сто деведесет и пет илјади и деветстотини триесет и девет) денари, од кои за:
**Дел 2: Тонери тип 2** - 104.430 (сто и четири илјади и четиристотини и триесет) денари со вклучен ДДВ
**Дел 3: Тонери тип 3 –** 6.313 (шест илјади триста и тринаесет) денари со вклучен ДДВ
**Дел 5: Тонери тип 5 –** 85.196 (осумдесет и пет илјади и сто деведесет и шест) денари со вклучен ДДВ.

## III. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 3**

Договорните страни се согласни плаќањето за испорачаната стока од предметот на набавката, да се изврши вирмански по доставување фактура, испратница и извршен технички прием, во седиштето на Влада на Република Македонија - Генерален секретаријат бул.„Илинден" бр.2, Скопје, во законски утврден рок (60 дена) сметано од првиот нареден ден од денот на прием на фактурата во архивата на Договорниот орган.

## IV. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 4**

Носителот на набавката се обврзува да ги испорача стоките од член 1 на овој Договор, сукцесивно по нарачка од страна на договорниот орган на следнава локација**: Влада на Република Македонија - Генерален секретаријат** бул.„Илинден" бр. 2, 1000 Скопје.
Стоките – предмет на набавка треба да бидат со карактеристики согласно спецификацијата од тендерската документација бр.4606-10151/2 од 14.11.2018 година.

**Член 5**

Носителот на набавката се обврзува да обезбеди банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот во висина **од 5% од вредноста** утврдена во член 2 став 1 од овој договор.

Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма, **пред потпишување на договорот**, а со важност до исполнување на обврските од член 4 од овој договор.

Договорниот орган ќе ја врати Гаранцијата на Носителот на набавката во рок од 14 дена, по реализација на договорната обврска од страна на Носителот на набавката, утврдена во член 4.

**Член 6**

Носителот на набавката се согласува гаранцијата за квалитетно извршување на договорот да биде наплатена доколку не исполни некоја од обврските наведени во член 4 од овој договор на начин и рок согласно тендерската документација и понудата, а по претходно известување од страна на Договорниот орган.

Носителот на набавката се согласува доколку дојде до наплата на гаранцијата од став 1 од овој член договорниот орган да објави до ЕСЈН негативна референца.

## V. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 7**

Договорот е со важност до испорака на стоките и исплата на вредноста од член 2 став 1 од овој договор, од страна на Договорниот орган, но не подолго од 12 месеци од денот на склучување на договорот.

## VI. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 8**

Измени и дополнувања на Договорот може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат, со Анекс–Договор потпишан од овластените претставници на договорните страни.

**Член 9**

Во случај на спор договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а во спротивно истиот ќе го решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 10**

Договорот е составен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои по 3 (три) за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| **"Спринт Солушнс"ДООЕЛ** | **ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ** |
| Лиридон Хоџа, Управител | **Д-р Драги Рашковски,** Генерален секретар |

*Подготвил: Далибор Анчевски*
*Контролирал: Анета Стевковска*